**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и осмата седница на Собранието**
**на Република Македонија,**
**одржана на 21 декември 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеничката Весна Јовановска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата поканети се:

Претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, гувернерот на Народна Банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија, генералот на полицијата од Република Македонија и други гости.

Го молам претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски, да му се обрати на Собранието.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван Претседател на Собранието на Република Македонија

Почитуван прдтседател на Владата на Република Македонија и министри,

Дами и господа пратеници,

Почитувани господа, екселенции и други гости,

Граѓани на Република Македонија.

Испраќајќи ја првата година од третиот милениум, испраќаме година исклучително тешка, како за Република Македонија, така и за целокупниот свет.

Историјата е запис на големи настани. За Република Македонија 2001-та година беше историска година, година на тешки предизвици, но и година на мудри политички решенија.

Ќе ја паметиме 2001-та како година во која Република Македонија ги преживеа најтешките искушенија во својата десетгодишна историја на својата независност, година во која со сите сили ја браневме демократијата, година во која на тежок испит беа и граѓаните и политичарите. Но, ова беше година во која граѓаните на Македонија, независно од нивната национална и верска припадност, ја покажаа својата зрелост. Силата на македонскиот систем се докажа со апсорпцијата на кризата во политичките тела на државата и нејзино решавање со политички средства.

Македонија се одбрани и опстана како демократска држава и како ризница на вредности кои мораме и натаму да ги потврдуваме. Припадниците на силите за безбедност на Република Македонија храбро ги исполнуваа своите обврски.

На олтарот на татковината животите ги положија 70 наши војници и полицајци. Тоа беа загуби претрпени во заседи и класични терористички напади од страна на вооружените банди. Македонија никогаш нема да ги заборави паднатите бранители и нивните семејства.

Испраќајќи ја првата година од третиот милениум, испраќаме година исклучително тешка, како за Република Македонија, така и за светот.

Историјата е запис на големи настани. За Република Македонија 2001-та година беше историска година, година на тешки предизвици, но и година на мудри политички решенија.

Ќе ја паметиме 2001-та како година во која Република Македонија ги преживеа најтешките искушенија во својата десетгодишна историја на самостојност; година во која со сите сили ја браневме демократијата, година во која на тежок испит беа и

граѓаните и политичарите. Но, ова беше година во која граѓаните на Македонија, независно од нивната национална и верска припадност, ја покажаа својата зрелост. Силата на македонскиот систем се докажа со апсорпцијата на кризата во политичките тела на државата и нејзино решавање со политички средства.

Македонија се одбрани и опстана како демократска држава и како ризница на вредности кои мораме и натаму да ги потврдуваме. Припадниците на силите за безбедност на Република Македонија храбро ги исполнуваа своите обврски.

На олтарот на татковината животите ги положија 70 наши војници и полицајци. Тоа беа загуби претрпени во заседи и класични терористички напади од страна на вооружените банди. Македонија никогаш нема да ги заборави паднатите бранители и нивните семејства.

Затоа, Ве повикувам со едноминутно молчење уште еднаш да им оддадеме почит на сите храбри погинати бранители кои го дадоа својот живот за Република Македонија.

(Сите присутни во салата им оддаваат почит на загинатите борци)

Слава им.

Дами и господа пратеници,

Македонија е земја на историски и современи крстопати на Европа, низ која се преплетуваат културите и цивилизациите. Внатрешниот мир и стабилност на Република Македониија се нераскинливо врзани со прифаќањето од страна на сите нејзини граѓани на вистината вткаена во долгата историја и традиција -дека богатството на различните култури и отвореноста кон светот се нашата доблест. Сите оние кои што Македонија, или дел од неа, ја посакуваат исчистена од "другите", не ја сакаат оваа држава и работат на нејзиното исчезнување.

Јас верувам дека иднината на Македонија лежи во следењето на три нитки: љубовта и заедничкото живеење; демократијата и владењеето на правото, како и работата.

Граѓаните на Македонија не смеат да заборават што и се случи на нашата држава во изминатава година, но треба да бидат доблесни и да дадат можност повторно да се појави и заживее вековното искуство на луѓето кои живеат на овие простори, почитта и љубовта кон соседот.

Владеењето на правото во чија основа е граѓанинот - како индивидуа, е поредок што е чесен и праведен кон секого и што секому ќе му даде можност да се докаже, да ги оствари своите права и благосостојба.

Претприемништвото и работата се постулати за просперитет на секој поединец и на државата. Само посветувањето на трудот ќе ни овозможи да живееме подобро. Тоа е изборот што го имаме и ако не го следиме - самите ќе треба да се соочиме со последиците од погрешната одлука.

Дами и господа,

Не е едноставно во годишново обраќање пред вас, за прашања од мојата уставна надлежност, да се истакнат и оценат најважните настани во годината што изминува и да се прикажат визиите за наредната година.

Оваа година беше година на болка, но беше и година во која ги поставивме основите на долгорочниот просперитет на Република Македонија како дел од Европа.

Во пролетта 2001-та за прв пат се соочивме со вистинските размери на насилството што се закануваше да ја распарчи нашата држава, кога терористите ги започнаа нападите во регионите на Тетово и на Скопска Црна Гора. Безбедносните сили на Република Македонија одговорија со храброст и решителност и терористите беа разбиени.

По краткото затишје, терористите продолжија со грозоморните убиства и акти на бруталност. Напаѓачите вешто искористија некои се уште отворени прашања и стереотипи и го разнишаа столбот на македонската стабилност, култура и историја - меѓуетничката толеранција - доведувајќи ја државата на работ на меѓуетничка војна. Гледајќи ги тие ужаси, природно ќе беше да се одлучиме за чисто воено решение. Во тие мигови Македонија

донесе мудри одлуки што не спасија од долготрајна војна и поделби.

Неодамнешните настани во регионот, и модерната историја во многу соседни земји, покажуваат дека тероризмот не може да биде поразен единствено со воени средства. Во Шпанија, Северна Ирска и насекаде борбата против терористите пропадна поради недостиг на политички преговори. Сите бараа единствено воени решенија и сите се соочија со неуспех.

Јавно ја изразив својата цврста верба во нашата способност да ја одбраниме државата, нејзиниот територијален интегритет и унитарен карактер. За таа цел го избрав патот што ќе доведе до трајно и стабилно решение. Развивме стратегија што нема само да го победи насилството, туку ќе го зачува основниот столб на македонскиот и општество, а тоа е меѓуетничкиот соживот. Секоја друга опција ќе беше израз на популизам, неодржлива на подолг рок. Цврсто верував во комбинацијата на политичко-дипломатски и воени решенија.

Со цел да се обединиме во заедничка политика што ќе ја спаси Македонија формиравме широка коалиција. Тоа беше израз на определбата проблемите да ги решаваме со разговор, а не со оружје.

Денес сум горд што таа политика, преточена во Планот за справување со кризата, беше прифатена и од Владата на Република Македонија и беше поддржана и од меѓународната заедница. Основниот мотив ми беше целосно и успешно да се справиме со кризата со што помалку жртви и разурнувања. Застанав зад Рамковниот договор уверен дека тој, иако далеку од идеален документ од кој сите ќе бидат задоволни, беше најдобриот политички одговор на кризата со која се соочивме. Рамковниот договор е заснован врз широк политички консензус за иднината на Република Македонија, со кој се постигнуваат пет взаемно поддржувачки цели:

-избегнавме крвава меѓуетничка војна во која ќе гинеа илјадници граѓани на Република Македонија;

- го зачувавме унитарниот карактер и територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија;

- усвоивме уставни амандмани за кои, за првпат гласаа и македонските Албанци;

- ги подобривме и онака високите стандарди во областа на образованието, човековите права, јавната администрација и локалната демократија;

- ја приближивме Република Македонија кон евро-атлантските интеграции.

Истовремено, тој договор во целост ги разоткрива оние кои сакаат етнички чисти територии, мотивирани и индоктринирани со идеите на расизмот и омразата. Оние, кои во време кога границите во цела Европа паѓаат, сакаат да градат нови, етнички граници. Со тоа, веќе нема никаква основа за дилеми околу причините за некое идно насилство, како во очите на меѓународните фактори, така и во очите на македонските Албанци.

Денес сме во ситуација да заклучиме дека зенитот на кризата за Македонија е надминат. Но не можеме да зборуваме дека работата е завршена, дека целосно му застанавме на патот на тероризмот и дека сме се справиле со последиците од дејствијата на насилничките банди. Задачите што сега стојат пред нас се: - да ја вратиме полицијата во сите делови од кризните региони;

- да го воспоставиме уставно - правниот поредок на целата територија на државата;

- да ги вратиме раселените граѓани во нивните домови;

- да ги расветлиме сите случаи со исчезнатите лица; и конечно,

- да го вратиме мирот и спокојството во секој дом и на секоја педа од нашата држава.

Во следните месеци ни претстои многу работа, неоходна ни е трпеливост и меѓусебно разбирање, враќање на довербата, мора да започне процесот на заздравување на меѓусебните односи, мора да научиме да простуваме и да продолжиме да чекориме заедно. Потребна е

подготвеност, решителност, одговорност и дисциплина на тие што ги обезбедуваат мирот и државните граници. Мора да се откриваат и спречуваат актите на одмазништво, омраза и секаков вид на насилство. Тоа е израз на цивилизираноста и организираноста на нашата држава.

Сивите зони, како територии во кои владее оружјето, а не правото, се совршени средини за трговија со дрога и оружје и обука на терористички формации. Нивното постоење во срцето на Балканот може да произведе само долгорочна нестабилност на регионот. Искоренувањето на сивите зони ќе биде од полза за сите граѓани кои живеат во овие подрачја, ќе биде во полза на целокупната регионална безбедност.

Дами и господа,

Меѓународната заедница ја гледаме како наш пријател. А во секое пријателство потребна е и умешност за негово одржување.

Во справувањето со кризата Македонија имаше поддршка од меѓународната заедница. Напати чувствувавме дека таа имаше контроверзна улога. Постоеја несогласувања, а кога имаше потреба, јас бев особено цврст во одбраната на интересите на Република Македонија. Но, непобитен е фактот дека во справувањето со атаците на вооружените терористички банди, Република Македонија добиваше соодветна помош од сите влијателни европски држави и соседи, од САД, Руската Федерација, Украина и други.

Со своето присуство во Република Македонија, НАТО, ЕУ и ОБСЕ ја покажаа нивната определба да ја видат Македонија како дел од Европа.

Мисијата "Неоходна жетва" беше охрабрувачки чекор. Четири ипол илјади војници од државите членки на НАТО дојдоа да и помогнат на Македонија. Новата мисија "Килибарна лисица", заедно со ОБСЕ и ЕУ, ни помага во враќањето на уставниот поредок на целата територија на Републиката.

Република Македонија е благодарна за поддршката и присуството на војниците на НАТО на територијата на нашата држава, но темелната стабилност на Македонија можат да ја обезбедат само војниците и полицајците на Република Македонија, етничките Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби, Бошњаци и други.

Главен белег на македонската надворешна политика минатава година беше потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Македонија е прва земја од регионот што го потпиша овој исклучително значаен договор. Тоа е најголемото признание на политиката што ја води Македонија и доказ дека Унијата гледа во нас партнер со кој сака да ги продлабочува и зацврстува односите и соработката. Најзначајно е што со оваа Спогодба Македонија станува потенцијален кандидат за членство во ЕУ.

Со Спогодбата за асоцијација и стабилизација, врз трајна основа, се обезбедува:

- постојана и силна определба на ЕУ за помош и поддршка на Македонија;
- либерализација на трговијата со ЕУ, со крајна цел постигнување на бесцаринска трговија со ЕУ;
- учество на редовните средби на министрите на ЕУ, во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација;
- воведување на стандардите на ЕУ во речиси сите сфери на општествениот живот;
- интензивна и продлабочена соработка со Европската унија во бројни области.

Потребно е надлежните институции и органи на Република Македонија оваа година да преземат соодветни активности за имплементација на Спогодбата. Со неа се отвораат вратите на Европа, но неопходно е Македонија да се подготви за влез во европското семејство како одговорна и рамноправна членка.

Спроведувањето на Спогодбата ќе биде агшдено со низа програми за помош на Македонија, преку програмата КАРДС, за југо-источна Европа. За периодот од 2000 до 2006 година за регионот е определена вкупна сума од 4,65 милијарди евра.

Оваа помош ќе ги поддржи реформите во нејзините клучни области.

Македонија е добредојдена во европското семејство на народите и тоа ми беше лично потврдено од многумина европски лидери. Во годината што е пред нас ќе вложам максимални напори за што поскоро ратификување на Спогодбата од страна на националните парламенти на повеќето држави членки на ЕУ. Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент веќе го сторија тоа.

Република Македонија, поздравувајќи ја политиката на "отворена врата" на НАТО, верува дека:

- нејзината значајна гео-стратешка положба;

- досегашната поддршка што и ја даваше на оваа организација;

-подигнувањето на нивото на интероперабилноста на нашите безбедносни сили со НАТО пактот, за што имаме секојдневни примери на теренот; и

- де факто исполнувањето на политичките претпоставки за чл^нство, со уставните и законските реформи кои веќе ги извршивме,

- ќе бидат основа за правилна политичка одлука за промовирање на Македонија во полноправен член на Северно-атлантската алијанса.

Мора да бидеме реални: изгубивме, не по наша вина, многу време и можности. Знаеме дека ништо не може да се случи преку ноќ. Патот до евроатлантските интеграции е долг и тежок. Најголемиот дел од него ќе мораме да го изодиме сами, но во многу етапи ќе не придружуваат и нашите пријатели од ЕУ и НАТО. Треба да знаеме што сакаме да постигнеме со секој од потезите што ќе ги повлечеме. Нема да носиме одлуки за кои се надеваме дека се исправни. Мора да носиме одлуки за кои со сигурност знаеме дека се добри.

Со особено задоволство истакнувам дека во годинава што одминува повторно ги нормализиравме дипломатските односи со Народна Република Кина во која имаме докажан и искрен партнер и пријател што ја поддржува Република Македонија. Ги зацврстивме односите со САД и со Руската Федерација од каде што за време на месеците на кризата добивме јасни пораки дека тероризмот е зло со кое треба бескомпромисно да се справиме за да го сочуваме територијалниот суверенитет и интегритет на Република Македонија.

Државите од регионот, пред една година во Скопје, на двата самита на шефовите на држави или на влади од земјите на Југоисточна Европа, го реафирмираа територијалниот интегритет и суверенитет на секоја држава, се заложија за строго почитување на принципите на неменливост на границите и на немешање во внатрешните работи.

Меѓународната заедница добро проценува дека натамошната стабилност на Македонија и на регионот е во недвосмислената и решителна поддршка на македонскиот национален идентитет изразен преку:

- независноста и стабилноста на Република Македонија,

- признавањето на афтокефалноста на Македонската православна црква,

- решавањето на прашањето на човековите и малцинските права на Македонците во соседните држави,

- и како најважно: прифаќањето на уставното име на Република Македонија во системот на Обединетите нации, согласно со Повелбата на ООН и меѓународните принципи. Ние во таа борба на наша страна ги имаме правичноста и правото.

Затоа што признавањето на нашето уставно име Република Македонија ќе биде вистинска поддршка на нашиот суверенитет идентитет и огромен придонес кон долгорочна регионална стабилност.

Во спротивно, меѓународната заедница ќе се соочи со политички последици од можните непринципиелни решенија.

Дами и господа пратеници,

Влошената безбедносна состојба имаше негативни последици и за стопанството. Неопходно е да ставиме крај на економската криза. Подобрувањето на животниот стандард на граѓаните, отворањето на нови работни места, зголемувањето на продуктивноста и подобрувањето на ефикасноста на стопанските ентитети треба да се на високо место

на приоритетите за идната политика. Програмите за намалување на сиромаштијата треба крајно сериозно да се спроведуваат, бидејќи идната година ќе ги почувствуваме негативните последици од безбедноссната криза. Затоа е неопходно државата да преземе мерки за намалување на сиромаштијата, особено кај најпогодените семејства. Програмите кои ќе бидат наменети за борба против сиромаштијата мора да бидат квалитетни и да обезбедат услови за достоен живот на овие граѓани. Треба да се стави акцент и приоритет на проектите кои, не само на краток рок ќе ја подобрат економската положба на најсиромашната група на граѓани, туку ќе создадат услови тие, преку нивна преквалификација, дообука вработување да си обезбедуваат самите неопходни средства за достоен живот.

Во 2001-та година Македонија влезе со очекување дека ќе продолжат успешните минатогодишни економиски реформи. Сложената политичко - безбедносна состојба се одрази и врз реформите. Република Македонија, иако со намалено темпо, продолжи со стопанските реформи.

Реформите на платниот систем и неговото префрлање во деловните банки, подготовките за започнување на функционирањето на националната платежна картичка, создавањето на централниот депозитар на акции и централниот регистар, создаваат услови за пазарно и транспарентно функционирање на финансискиот систем на Република Македонија.

Во 2001-та година е направен значаен чекор напред во процесот на зачленување на Република Македонија во Светската трговска организација. Реално е да се очекува Македонија да стане член на оваа мошне значајна меѓународна организација во текот на наредната година. Тоа е мошне значајно како за македонскиот извоз, така и за странските инвестиции, бидејќи со влегувањето на Македонија во СТО ќе се создаде транспарентно и предвидливо опкружување за нивните стопански активности.

Во годината што претстои приоритет треба биде подобрувањето на квалитетот на животот на обичниот граѓанин. За таа цел, покрај безбедноста, стабилноста, економскиот просперитет, неопходно е да се обезбеди почитување на законите. За просперитетот на секоја држава потребна е борба против корупцијата и организираниот криминал. За таа цел Македонија треба да работи на транспарентноста, одговорноста и ефикасноста на јавните служби во согласност со меѓународните и европските стандарди.

На самиот почеток на идната година водечките земји на Европската унија и САД ќе ги поддржат нашите напори за заживување на економијата преку нивниот придонес на планираната донаторска конференција. Но, тоа може да биде само првиот чекор кон заздравување на стопанството, на кое му е неопходен значаен инвестиционен циклус што ќе понуди нови вработувања и со тоа останување на младите луѓе во сопствената држава.

Дами и Господа,

Република Македонија беше згрозена од настаните кои 2001-та година ја направија тешка година и година на предизвици на планетарно ниво. Настаните на 11 септември во САД ни покажаа дека проблемите со тероризмот со кои ние се соочуваме во двомилионската Македонија, неочекувано и на мошне суров начин се испречија и пред една моќна држава. Тоа беше повод целата меѓународна заедница да се мобилизира и да одговори на прашањата:

- Зошто некој убива за политички цели?

- Дали теророт може да донесе правда?

- Како да му возвратиме на насилството, а да не станеме исти со убиецот?

Одговорите ги носи секој поединец за себе, секоја држава преку својата политика, но и меѓународната заедница како целина. Оваа година светот се обедини и застана во одбрана на мирот, против теророт, во име на хуманизмот. Големите и малите држави, духовните водачи од светските религии, претставниците на сите цивилизации и култури, вклучувајќи ја и Македонија, влегоа во глобална коалиција против теророт.

Со тоа Република Македонија повторно ја покажа својата почит кон принципите на меѓународното право и

вредностите на меѓународната заедница и нејзината подготвеност да помогне во рамките на своите можности. Праведно е Македонија сега да ја очекува, и да ја добие, помошта на меѓународната заедница во рамките на нејзините можности - во нејзината борба против теророт, како доказ дека глобалните проблеми се решаваат со локални одговори и предизвици. Имплементирањето на Рамковниот договор, враќањето на безбедносните сили на секоја стапка на македонска територија и целосниот пораз на насилството е такво конкретно прашање од голема важност.

Дами и господа пратеници,

Република Македонија ја поддржува и развива сопствената мултикултурност на општеството, во рамките на демократскиот унитарен и граѓански карактер на државата. Со цел да го зајакне ваквиот каратер на државата, да го направи општеството поотворено за вклучување на сите граѓани и да ја приближи Македонија кон европските стандарди:

- беа усвоени уставни амандмани;

- беше дадена амнестија и помилување;

- во тек е оформувањето на мултиетничките полициски сили; Република Македонија е во процес на реализирање на повеќе европски проекти:

- во тек е постапката за донесување на новиот Закон за локална самоуправа што ќе овозможи остварување на долгопланираната децентрализација на Република Македонија;

- беше отворен Југоисточно европски универзитет,

- во тек е воведување на повеќејазичност на еден од каналите на националната телевизија.

Овие европски проекти ќе се реализираат за доброто на сите нас. Со нив Македонија испраќа силен сигнал дека таа, поради својата обврска кон своите граѓани како држава има обврска да ја чува безбедноста на своите граѓани, сите идни акти на насилство ќе ги третира како криминал и против нив ќе ја употреби целата сила што и стои на располагање.

Република Македонија не смее да си дозволи етничко чистење на својата територија насочено против било кого, вклучувајќи ги тука се разбира, и етничките Македонци. Во името на нашите предци и на нашите деца, ние не смееме и не можеме да толерираме тивко етничко чистење на етничките Македонци од кризните подрачја преку секојдневните заплашувања и уништувања на верските и економските основи на животот во тие краишта. Во спротивно, ние би биле соучесници во сопственото самоуништување.

Дами и господа,

Поддршката што ни е неопходна, и што ќе биде поздравена, е повеќестрана:

- очекувам помош и акција од страна на граѓаните на Република Македонија во зачувувањето на демократскиот карактер на државата и градење на општество со висок степен на толеранција;

- очекувам пост-етничка Македонија да гради граѓанска перспектива на единство и еднаквост;

- очекувам одговорен однос на сите политички субјекти, во кои се вклучувам и себеси, во јавното и недвосмисленото отфрлање на насилствата за етничко чистење;

- очекувам поддршка од меѓународната заедница на нашата политика
против обидите за етдичко разграничување и за зацврстување на државата, која би имала форма на јавна поддршка на властите на Република Македонија, но и јасно дефинирање на сите натамошни дела на насилство како тероризам.

- очекувам да го изработиме својот дел од обврските и одговорностите за сузбивањето на корупцијата и организираниот криминал;

- очекувам значајна економска и фининсиска помош, затоа што Македонија има потенцијал за брзо стабилизирање; има знаења и ресурси а стабилноста и успехот на нашиот модел би бил од повеќекратна корист за меѓународната заедница и ситуацијата во регионот.

Со уривањето на концептот во кој верува Република Македонија, се уриваат и цивилизациските темели на Европа. Не смеат да се затвораат очите пред реалноста и мора да се носат принципиелни одлуки во интерес на вистината.

Дами и господа пратеници,

Македонија мора со надеж да гледа во својата иднина. На Македонија и се потребни образование, вработувања и инвестиции. Ние политичарите немаме мандат за војна, криминал и корупција.

Народот на оваа држава ќе одлучува за нејзината иднина. Нашата обврска е да ги надраснеме етничките и религиозните поделби и да покажеме дека Македонија е подготвена да го заземе своето заслужено место во Европа. Нека 2002-та година биде година на мир, стабилност, разум, просперитет и година на многу работа.

Почитувани пратеници, Ве повикувам катадневно да ја имате пред себе причината за вашето присуство во овој дом - Вие сте гласот на народот на Македонија и вашата мудрост ја насочува оваа држава;

- Ве повикувам да давате пример со вашата посветеност и одговорноста
кон работата;

- Ве повикувам да работите на сигурноста и убавата иднина на Република Македонија - држава наша и држава на нашите деца.

- Ве повикувам на единство во интерес на Република Македонија. Во време на тешки и големи предизвици нацијата мора да биде и да остане единствена.

Бог да ја благослови Македонија. (Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот за неговото обраќање. Ја заклучувам Деведесет и осмата седница на Собрание на Република Македонија.

Седницата заврши во 13,05 часот.